




# ИЗВЕШТАЈ

## од спроведено истражување за нелегални шумски активности во Република Северна Македонија

**Автори:**
**Горан Мојаноски**
**Сашо Петровски**
**Владимир Стојановски**

**Септември, 2024 година**

# ИЗВЕШТАЈ ОД СПРОВЕДЕНО ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА НЕЛЕГАЛНИ ШУМСКИ АКТИВНОСТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Скопје, 2024 година**

**Одрекување на одговорност за содржината на Извештајот**

Издавач: Здружение на граѓани Регионален центар за шумарство и рурален развој - РЕФОРД

Автори: Горан Мојаноски,  Сашо Петровски, Владимир Стојановски

Подготовка и печат: Здружение на граѓани Регионален центар за шумарство и рурален развој – РЕФОРД, електронско издание

Содржината на Извештајот е единствена одговорност на авторите на текстот и РЕФОРД и не мора да значи дека ги изразува гледиштата и ставовите на United States Forest Service.

# СОДРЖИНА

РЕЗИМЕ ..... 4
ВОВЕД ..... 7
1. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ ..... 8
2. ОПШТИ РЕЗУЛТАТИ ..... 9
2.1 СУМИРАНИ РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТНИТЕ ПРАШАЛНИЦИ ..... 12
2.1.1 Позначајни наоди од испитаните локални самоуправи ..... 13
2.1.2 Позначајни наоди од испитаните дрво-преработувачки капацитети ..... 15
2.1.3 Позначајни наоди од испитаните корисници на шумски дрвни производи и сопственици на приватни шуми ..... 17
3. ЗАКЛУЧОЦИ ..... 34
4. ПРЕПОРАКИ ОД ЦЕЛНИТЕ ГРУПИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА НЕЛЕГАЛНИТЕ АКТИВНОСТИ ВО ШУМИТЕ ..... 37

## ЛИСТА НА ГРАФИЦИ

Графички приказ 1: Привремено одземена дрвна маса ........................................................ 10
Графички приказ 2: Привремено одземени предмети и средства........................................ 10
Графички приказ 3: Бесправно посечена дрвна маса и број на настани .............................. 11
Графички приказ 4: Поднесени пријави од шумо-чуварската служба ................................. 11
Графички приказ 5: Број на одговорени прашалници........................................................... 13
Графички приказ 6: Нелегални активности во шума што се случуваат во општините ....... 14
Графички приказ 7: Просечна оценка за работата на надлежните институции во заштита на шумите од нелегални активности............................................................................................ 14
Графички приказ 8: Дали имате предлог за подобрување / олеснување на процедурата?. 15
Графички приказ 9: Задоволство од услугите при купување од Државни шуми............... 15
Графички приказ 10: Ранг по важност за бизнисот и работењето ....................................... 16
Графички приказ 11: Сегмент на дрво-преработувачката индустрија со најголема корупција и илегални активности ........................................................................................ 16
Графички приказ 12: Дали било некогаш побарано да платите различна цена од договорената со цел да се здобие со корист извршувачот на услугата? ............................. 17
Графички приказ 13: Значајност на легалноста на шумскиот дрвен производ при купување ..................................................................................................................................... 18
Графички приказ 14: Значајност на легалноста на шумскиот дрвен производ при купување по општини ............................................................................................................................... 18
Графички приказ 15: Значајност на легалноста на шумскиот дрвен производ при купување по возраст.................................................................................................................................. 19
Графички приказ 16: Добиени документи при купување на шумски дрвен производ........ 20
Графички приказ 17: Добиени документи при купување на шумски дрвен производ по општини ..................................................................................................................................... 21
Графички приказ 18: Начин на проверка на испорачаниот производ ................................. 22
Графички приказ 19: Начин на проверка на испорачаниот производ по возрасни групи ... 22
Графички приказ 20: Нелегални активности во шума во близина на местото на живеење 23
Графички приказ 21: Нелегални активности во шума во близина на местото на живеење по општина ..................................................................................................................................... 23
Графички приказ 22: Видови на нелегални активности во шума што се случуваат во близина на местото на живеење по општини.......................................................................... 24
Графички приказ 23: Надлежен во справување со нелегални активности во шума ............ 24
Графички приказ 24: Надлежен во справување со нелегални активности во шума според целна група на која припаѓа испитаникот ........................................................................... 25
Графички приказ 25: Надлежен во справување со нелегални активности во шума по општини ..................................................................................................................................... 26
Графички приказ 26:Сведок на нелегална активност во шума ............................................ 26

Графички приказ 27: Сведок на нелегална активност во шума според целна група на која припаѓа испитаникот .......... 27
Графички приказ 28: Дали пријавениот случај за нелегална активност во шума има разрешница .......... 27
Графички приказ 29: Зошто не го пријавиле случајот на нелегална активност во шума .... 28
Графички приказ 30: Оценка на надлежните институции во заштита на шумите од нелегални активности .......... 28
Графички приказ 31: Оценка на надлежните институции во заштита на шумите од нелегални активности според целна група на која припаѓа испитаникот .......... 29
Графички приказ 32: Оценка на сопствениците на приватни шуми за услугата за приватна шума која ја добиваат од ЈП Национални шуми и Национални паркови .......... 30
Графички приказ 33: Дистрибуција на одговори на сопственици на приватна шума за остварена корист на извршувачот на услуга .......... 30
Графички приказ 34: Сопственици на приватни шуми кои се сложиле на барањето за остварена корист на извршувачот на услуга .......... 31
Графички приказ 35: Сопственици на приватни шуми кои го пријавиле случајот до надлежните институции .......... 31
Графички приказ 36: Причини поради кои сопствениците на приватни шуми кои НЕ го пријавиле случајот до надлежните институции на барањето за остварена корист на извршувачот на услуга .......... 32
Графички приказ 37: Дали им бил оштетен имотот на сопственици на приватна шума..... 32
Графички приказ 38: Предмет на злоупотреба од имотот на сопственици на приватна шума .......... 33
Графички приказ 39: Дали сопственици на приватна шума ја пријавиле злоупотребата на нивниот имот .......... 33

# РЕЗИМЕ

Целта на ова истражување е со примена на различни методолошки алатки да се испита мислењето на повеќе засегнати страни за Нелегалните шумски активности во Република Северна Македонија. Во ова истражување прво се дава вовед за истражувањето и се опишува методологијата што е применета при спроведување на истражувањето. Потоа се презентирани резултати од прибраните секундарни податоци од државните органи и најзначајните наоди од спроведените истражувања меѓу различни целни групи. Истражувањето содржи заклучните согледувања од спроведените анкетни прашалници и препораки дадени од страна на целните групи за спречување на нелегалните активности во шума. Периодот на спроведување на испитувањето е од декември 2023 година до април 2024 година.  Резултатите покажуваат дека различните засегнати страни во шумарската индустрија биле очевидци на нелегални активности во шума, но заради ниската доверба во надлежните институции во Шумарството и надлежноте Судски органи, засегнатите страни ретко ги пријавувале нелегалните активности до институциите.

# ВОВЕД

Нелегалните шумски активности опфаќаат девијантни појави во шумарскиот сектор, при што најголемо негативно влијание има нелегалната сеча. Оваа појава, како и другите аспекти на нелегалните активности, значително го загрозува опстојувањето на шумите кои се категоризирани како доборо од посебен општествен интерес. Во оваа категорија на нелегални активности спаѓаат и непочитување на законските одредби, корупцијата, злоупотребата на службена положба и несовесно вршење на службата.

Нелегалните активности опфаќаат и незаконско копачење на шуми со цел пренамена на земјиштето за земјоделство, рударство или инфраструктура, што во праксата е познато како „нелегална трансформација на шума и шумско земјиште“. Понатаму, нелегалната сеча вклучува и „бесправно сечење на дрвја“ каде што поединци или организирани групи вршат сеча на шума заради препродажба или за сопствена потреба. Оваа категорија ги опфаќа и случаите каде што лица вршат сеча на шуми од сопствен имот без соодветна документација, како дозвола за сеча или доказ за сопственост, најчесто поради предизвиците и неможноста да ги исполнат сите административни процедури и барања од Законот за шуми. Разорното влијание на нелегалната сеча е видливо не само врз шумите и биолошката разновидност, туку и врз луѓето кои живеат во и околу шумите и кои се потпираат на услугите кои тие ги обезбедуваат.

Корупцијата, пак, е еден од главните двигатели на нелегалната сеча и најважен фактор кој ја овозможува незаконската трговија со дрво. Таа може да се сретне низ целиот ланец на вредности (value chain) во шумарството, поттикната од недостаток на институционален капацитет за следење и спроведување на предвидените постапки или пак заради намерно неспроведување на истите. Корупцијата често е придружена со плаќања или врешење на услуги на клучни функционери и политичари за да се намали фунционалноста на системот, што економски ја ослабува државата и ја лишува од витални природни ресурси, дополнително зајакнувајќи го маѓепсаниот круг на слабо владеење и корупција.

На локално ниво, нелегалната сеча е највидливиот дел од еколошкиот криминал, кој не може да се одржи без знаење и „согласност“ на оние кои треба да го спречат. Пример за напори во борба против овие појави е Проектот „**Борба против нелегални шумски активности”** финансиран од USDA (United States Department of Agriculture), и спроведуван од страна на Регионалниот центар за шумарство и рурален развој – РЕФОРД, во соработка со USFS (United States Forest Service). Истражувањето спроведено во рамките на овој проект ги опфати следните целни групи:

- Граѓани кои се потрошувачи на огревно дрво,
- Сопственици на приватна шума,
- Сопственици на дрво преработувачки капацитети,
- Вработени во општинска администрација во општини каде што голем дел од граѓаните се корисници на производи од дрво,
- Активисти од граѓански организации (од областа на антикорупција, владеење на право, животна средина, планинарски клубови).

- Државни институции (Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, ЈП Национални Шуми, Шумска полиција, Шумска инспекција, Јавните Установи Национални паркови:  Маврово, Пелистер, Шар Планина и Галичица)

Овој извештај ги содржи најзначајните наоди од спроведеното истражување за нелегалните шумски активности. Тој започнува со детален приказ на методологијата на истражување, врз чија основа беше спроведено истражувањето. Во второто поглавје се презентирани резултати од прибраните секундарни податоци од државните органи и најзначајните наоди од спроведените истражувања меѓу различни целни групи. Третото поглавје ги содржи заклучните согледувања од спроведените анкетни прашалници, додека во четвртото поглавје се истакнати препораките дадени од страна на целните групи за спречување на нелегалните активности во шума.

# 1. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Во рамки на проектот беше применета комбинација на истражувачки методи за подобро разбирање на состојбата во шумарството и девијантните појави во оваа област. Применети беа различно алатки за прибирање на податоци со цел да се испита перцепцијата на јавноста и засегнатите страни за нелегалните шумски активности. Во ова истражување се користеа логичките методи на анализа и синтеза, индукција и дедукција, како и генерализација и специјализација.

Специфичните истражувачки методи вклучуваат дескриптивен, статистички и компаративен метод, како и анализа на содржина (content analysis) на документи и структурирано интервју. Спроведена е и продлабочена анализа на секундарни податоци добиени од државните органи.

Истражувањето за нелегалните шумски активности започна со прибирање на податоци преку барања за пристап до информации од јавен карактер за нелегалните шумски активности упатени до институции како Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) на Република С. Македонија, Шумска инспекција, Јавно Претпријатие Национални Шуми (ЈП Национални Шуми), Шумска Полиција и Јавни Установи Националните паркови (ЈУНП): Маврово, Пелистер, Шар Планина и Галичица.

Во рамки на теренската анкета, испитано беше јавното мислење за нелегалните шумски активности кај сопствениците на приватни шуми и корисници на производи од дрво. Теренската анкета беше спроведена како структурирано интервју.

Дополнително, организирана и реализирана беше (една) фокус група со претставници од невладиниот сектор активни во шумарството, планинарство, и антикорупцијата. Оваа фокус групата беше спроведена во форма на групно структурирано интервју, одржано on-line преку платформата Google meet.

Истражувањето вклучи и два прашалника кон помали целни групи. Првиот прашалник беше спроведен на дрвопреработувачките капацитети за примарна преработка на дрво, со цел да се добијат сознанија за влијанието на нелегалните активности во шума

врз редовното работење на овие капацитети. Вториот прашалник беше испратен до осум локални самоуправи од осумте различни плански региони на Република С. Македонија.

Како последна активност за прибирање податоци, спроведен беше анкетен прашалник за испитање на ставовите за нелегалните шумски активности на сопствениците на приватни шуми и корисници на огревно дрво на национално ниво. Репрезентативниот примерок за анкетата беше одреден врз основа на базата на податоци МакСтат за домаќинствата кои се користат дрво за греење, управувана од Државниот завод за статистика.

Податоците од анкетираните испитаници беа структурирани во машински читлив документ (.xls) и обработени со примена на дескриптивен, статистички и компаративен метод. Кај дескриптивната метода, беа користени генерализации и специјализации за одговорите на отворените прашања. Со примена на статистичкиот метод, утврдени беа просечните вредности за прашањата со повеќекратен избор на национално и регионално ниво.

Со методот на компаративна анализа, направена е споредба помеѓу регионите врз основа на добиените резултати, за да се идентификуваат разликите во ставовите на испитаниците од различните региони на С. Македонија.

Во овој извештај логичките методи на анализа и синтеза се користени за да се донесат заклучни согледувања за перцепцијата на јавноста во С. Македонија за нелегалните шумски активности.

# 2. ОПШТИ РЕЗУЛТАТИ

Како што е наведено во методологијата на истражување, за спроведување на ова истражување беше применета комбинација на истражувачки методи за да се добие подобро разбирање на состојбата во шумарството и девијантните појави во оваа област. Применети беа различни алатки за прибирање на податоци за јавното мислење, со цел да се испита перцепцијата на јавноста и засегнатите страни за нелегалните шумски активности. Од овие методи произлегоа низа на квалитативни и квантитативни податоци, од кои во понатамошниот дел се истакнати најзначајните резултати на разбирлив и употреблив начин.

Во С. Македонија според последниот спроведен попис на населението има 598 632 домаќинства. Според податоците на базата на МакСтат на Државниот завод за статистика, во 2021 година 312 337 домаќинства[1] или 52% од вкупниот број домаќинствата се греат со шумски дрвни производи (огревно дрво).

Во сферата на шумарството и создавањето и снабдувањето со шумски дрвни производи за огрев, директно или индиректно се засегнати неколку Државни институции: МЗШВ, ЈП Национални Шуми, Шумска полиција, Шумска инспекција, Јавни Установи Национални паркови: Маврово, Пелистер, Шар Планина и Галичица. Истражувањето на нелегалните шумски активности во С. Македонија покрај испитувањето на јавното

[1] *Извор: МАК-СТАТ база на Државен завод за статистика*

мислење за девијантните појави во шумарскиот сектор, ги испитуваше и ефикасноста на институциите во справување со овие појави кај различни целни групи.

Согласно барања за пристап до информации од јавен карактер упатени до јавните институции во државата, кои делуваат во областа на шумарството може да се истакнат следниве позначајни наоди за периодот од 2020 до 2022 година:

- Намалување на количината на привремено одземена дрвна маса (Графички приказ 1) кај огревното и техничкото дрво.

### Графички приказ 1: Привремено одземена дрвна маса




- Зголемување на бројот на привремено одземени патнички моторни возила (ПМВ), моторни пили, приколки, запреги и секири, додека од друга страна се намалува бројот на привремено одземени товарни моторни возила (ТМВ), рачни пили, самари и амови од страна на Шумската полиција (Графички приказ 2).

### Графички приказ 2: Привремено одземени предмети и средства



- Зголемување на вкупната количина на бесправно посечена дрвна маса во m3 по години (Графички приказ 3), од познат и непознат сторител, како и зголемен број на настани на бесправно посечена дрвна маса по години од познат и непознат сторител.

### Графички приказ 3: Бесправно посечена дрвна маса и број на настани




- Намалување на бројот на поднесени прекршочни пријави за бесправни сечи од страна на шумо-чуварската служба на ЈП Национални шуми (Графички приказ 4);

### Графички приказ 4: Поднесени пријави од шумо-чуварската служба



- Значајна разлика во податоците за количината на бесправно посечена шума помеѓу Инспекторатот за шумарство и ловство и ЈП Национални шуми. Податоците со кои располага Инспекторатот за шумарство и ловство за евидентирана бесправна посечена дрвна маса се добиваат од книгата за евиденција на штети во шуми во државна сопственост на ЈП Национални шуми и овие податоци покажуваат помало количество на бесправно посечена шума во однос на податоците добиени од ЈП Национални шуми.

## 2.1 СУМИРАНИ РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТНИТЕ ПРАШАЛНИЦИ

По прибирањето на информации од јавен карактер од релевантните институции во областа на шумарството, истражувањето продолжи со спроведување на анкетни прашалници насочени кон неколку целни групи: **локална самоуправа, капацитети за преработка на дрво, корисници на шумски дрвни производи и сопственици на приватни шуми.** Целта на овие прашалници беше да се испита перцепцијата на овие целни групи за нелегалните активности во шума, како и нивно гледиште за ефикасноста на системот за справувањето со овие активности.
**Опфат на истражувањето**: Анкетните прашалниците беа спроведени во осум општини: Гази Баба, Гостивар, Кавадарци, Куманово, Охрид, Прилеп, Струмица и Штип. Секоја од овие општини беше избрана како репрезент за еден од осумте плански региони на Република Северна Македонија, врз основа на макроекономските податоци за домаќинствата што користат шумски дрвни производи за греење (огревно дрво). Домаќинствата на избраните репрезентативни општини имаат најголемо учество во вкупниот број на домаќинства од регион во кој припаѓаат во однос на користењето на шумски дрвни производи како начин на затоплување на едно домаќинство.

**Резултати од анкетните прашалници**:

**Локална самоуправа**: Од дистрибуираните анкетни прашалници до осум единици на локална самоуправа (Гази Баба, Гостивар, Кавадарци, Куманово, Охрид, Прилеп, Струмица и Штип), повратно беа добиени седум пополнети прашалници (Графички приказ 5). Администрацијата на општина Прилеп не одговори на прашалникот. Прашалниците беа наменети за добивање информации од општинската администрација за нелегалните шумски активности, причините за овие појави, механизмите што ги имаат на располагање за нивно спречување како и евентуални предлози за подобрување на ситуацијата.
**Дрво-преработувачки капацитети**: Дистрибуираниот анкетен прашалник беше доставен до 30 капацитети за примарна преработка на дрво, од кои само осум прашалници беа пополнети и вратени (Графички приказ 5). И покрај очекувањата за поголем одзив, одзивот беше ограничен. Прашалникот се фокусираше на влијанието на нелегалните активности врз работењето на овие капацитети, предлозите за спречување на нелегалните активности во шума, пред се нелегалната сеча, како и можната појава на корупција во ланецот на снабдување со дрвни суровини за преработка.

**Корисници на шумски дрвни производи и сопственици на приватни шуми**: Анкетниот прашалник во форма на структурирано интервју беше спроведен кај 515 лица во избраните општини (Графички приказ 5). Испитаниците беа корисници на шумски дрвни производи (огревно дрво) и/или сопственици на приватни шуми, каде за сопственици на приватна шума се сметаат и луѓето кои имаат имот (обично земјоделско земјиште) кој е обраснат со шумски видови на дрвја и од кој може да се добие производ од дрво. Прашалникот содржеше четири групи на прашања:

- За шумски производи;
- За нелегални шумски активности;
- Демографски прашања; и
- За сопственици на приватни шуми.

Опфатот на прашањата варираше во зависност од целната група.

**Графички приказ 5: Број на одговорени прашалници**




За секој од дистрибуираните прашалници беше изработен посебен извештај со детална анализа и заклучоци за резултатите. Овој извештај ги содржи најзначајните наоди од одговорите по прашалниците дистрибуирани до различните целни групи.

### 2.1.1 Позначајни наоди од испитаните единици на локална самоуправа

Испитаните единици на локална самоуправа (ЕЛС) сметаат дека најчести нелегални шумски активности кои ги препознаваат се бесправната сеча и кражба на шума, како и уништување на шума кое вклучува и палење на шума. Овие две активности сочинуваат повеќе од половина од добиените одговори (Графички приказ 6), но не треба да се занемарат и другите идентификувани нелегални активности.

### Графички приказ 6: Нелегални активности во шума што се случуваат во општините




Испитаните ЕЛС укажуваат дека локалното население многу ретко комуницира со општинската администрација во врска со нелегалните шумски активности. Ова е оценето на скала од 1 до 5, кадешто 1 означува „воопшто не се комуницира“, а 5 “многу често“. Просечната оценка за редовната комуникација за нелегалните шумски активности е 2,28.

Општините оценуваат дека надлежните институции од областа на шумарството многу ретко се консултираат со општината во врска со нелегалните шумски активности. **Според скалата од 1 до 5 просечната оценка за комуникација на надлежните институции со општината за нелегалните шумски активности изнесува 1,71.**

Врз основа на добиените одговори (на скала од 1 – многу лошо до 5 одлично и 0 - не знам), општините ја оценуваат работата на Редовната полиција и Инспекторатот за шумарство и ловство како добра. Просечните оценки за работењето на овие институции се 3,2 за Редовната полиција и 3,0 за Инспекторатот за шумарство и ловство. Од друга страна, послабо се оценети Шумската полиција и ЈП Национални шуми (Графички приказ 7).

### Графички приказ 7: Просечна оценка за работата на надлежните институции во заштита на шумите од нелегални активности



### 2.1.2 Позначајни наоди од испитаните дрво-преработувачки капацитети

Испитаните дрво-преработувачки капацитети кои ја набавуваат суровината од државните шуми ја оценуваат административната процедура за склучување на договор за купување на суровина со просечен резултат од 2,7 на скала од 1 до 5 (1 - многу комплексна, а 5 - многу лесна). Ова значи дека процедурата не се смета за лесна и е делумно комплексна. Само 25% од испитаните капацитети (Графички приказ 8) дале предлог за подобрување или олеснување на процедурата, а нивните предлози вклучуваат намалување на цената на процедурата и склучување договори за купување на суровина пред почеток на нова календарска година.

**Графички приказ 8: Дали имате предлог за подобрување / олеснување на процедурата?**




При купување суровина од државни шуми, 37,5% од дрво-преработувачките капацитети не се задоволни од времето на испорака на суровината, а 50% се делумно задоволни (Графички приказ 9). Во однос на квалитетот на суровината купена од државните шуми, 25% од испитаниците не се задоволни, а 62,5% се делумно задоволни. Само еден дрво-преработувачки капацитет е задоволен од цената на суровината, додека останатите 87,5% не се задоволни од цената.

**Графички приказ 9: Задоволство од услугите при купување од државни шуми**



Испитаните дрво-преработувачки капацитети беа прашани за неколку аспекти кои се важни за нивниот бизнис и работење. Според просекот на добиените одговори (на скала од 1 најнезначајно до 5- најзначајно и 0- не можам да оценам), како најзначајни за бизнисот и работењето се сметаат достапноста на суровината (и количински и навремена) и легалноста на суровината, со просечна оценка од 3,75 (Графички приказ 10). Делумно значење за преработувачките капацитети има сертифицираноста на суровината.

### Графички приказ 10: Ранг по важност за бизнисот и работењето




Во однос на постоење на корупција, мислењата на испитаниците од дрво-преработувачката индустрија се поделни (Графички приказ 11). Дел од испитаниците сметаат дека корупцијата постои во фазата на склучување на договор за набавка на суровина (25%) и при транспорт на суровината (25%), додека други сметаат дека нема корупција (25%). Овие три категории сочинуваат 75% од добиените одговори. Останатите испитаници одговориле дека корупцијата е поврзана со времето на испорака и со класата на сортиментите.

### Графички приказ 11: Сегмент на дрво-преработувачката индустрија со најголема корупција и илегални активности



Од испитаните дрво-преработувачки капацитети, 25% одговориле потврдно (Графички приказ 12) дека им било побарано да платат различна цена од договорената со цел да се здобие со корист извршувачот на услугата (барани повеќе пари или некоја друга надокнада). Останатите испитаници негирале или не сакале да потврдат или негираат таква ситуација.

**Графички приказ 12: Дали било некогаш побарано да платите различна цена од договорената со цел да се здобие со корист извршувачот на услугата?**




Испитаниците кои потврдиле дека им било побарано да платат различна цена од договорената не се сложиле на таквото барање и не пријавиле кај надлежните органи. **Причината за непријавување е перцепцијата за корумпираноста и непостапувањето на надлежните органи.**

### 2.1.3 Позначајни наоди од испитаните корисници на шумски дрвни производи и сопственици на приватни шуми

Од вкупниот број на испитаници од анкетата за јавното мислење помеѓу корисниците на шумски дрвни производи и сопствениците на приватни шуми, можеме да констатираме дека 488 испитаници се корисници на шумски дрвни производи, а 114[2] се сопственици на приватни шуми. Групата на сопственици на приватни шуми вклучува и испитаници кои поседуваат земјоделско земјиште на кое растат поединечни шумски видови на дрвја или група на дрвја и од кои може да се добие дрвен производ. Целта на анкетата беше да се испита перцепцијата за легалноста на производот, грижата за природата, оценка за делувањето на институциите надлежни за заштита на шумите и појавата на корупцијата при услуги во приватна шума итн.

На испитаниците кои купуваат шумски дрвни производи им беше поставено прашањето „*Колку Ви е значајна легалноста на производот?*“ на скала од 1 (воопшто не ми е

[2] 8 испитаници кои се сопственици на приватна шума, не се корисници на шумски дрвни производи.

значајна) до 5 (многу значајна) и опција „не знам“. Најголем дел од испитаниците, односно 42% одговориле дека легалноста на производот им е премногу значајна (Графички приказ 13). Ако ги групираме одговорите на сите испитаници кои при купување на шумски дрвни производи сметаат дека е значајна легалноста на производот, тогаш се потврдува дека 76 % од испитаниците ја сметаат за знаќајна. Од друга страна 17% од испитаниците изјавиле дека легалноста не им е значајна или не знаат да одговорат, што укажува на потенцијалот за развој на пазарот со нелегално посечено дрво кај оваа група на корисници.

### Графички приказ 13: Значајност на легалноста на шумскиот дрвен производ при купување




**Просечната оценка** по прашањето „*<u>Колку Ви е значајна легалноста на производот?“</u>* е **3,59.** При анализа на просечната оценка по општини (Графички приказ 14) забележуваме дека за испитаниците од општините Штип, Охрид и Кавадарци легалноста на производот е најзначајна.

### Графички приказ 14: Значајност на легалноста на шумскиот дрвен производ при купување по општини



Во општина Куманово, шросечната оценка е најниска (2,57) што укажува дека легалноста на производот е помалку значајна за испитаниците од таа општина. Оваа разлика може да се објасни со зголемената активност на дрвокрадците во одредени подрачја како што се Струмица, Куманово, Гостивар, Штип и Прилеп.

Анализата на одговорите според демографската структура на испитаниците кај ова прашање ни дава интересни одговори. Во однос на возрасната структура, за испитаниците на возраст од 18 до 29 години им е најзначајна легалноста на производот (Графички приказ 15). Овој показател влева оптимизам дека кај помладите генерации чувството за важноста на шумата и степенот на одговорноста на купувачот при купување на производи од дрво може да придонесе кон подобра заштита на шумите.

### Графички приказ 15: Значајност на легалноста на шумскиот дрвен производ при купување по возраст




На испитаниците кои купуваат шумски дрвни производи им беше поставено прашање во однос на видот на документите што ги добиваат при купување и прием на производот. Најголем дел од нив (31%) одговориле дека добиваат само шумска испратница (на која стои амблем на МЗШВ, со сериски број и воден жиг). Дополнително, 21% од испитаниците изјавиле дека добиваат само фактура/сметка, а 17% одговориле дека ги добиваат и двата документи (Графички приказ 16).

Овие податоци укажуваат на значитечна примена на незаконска испорака на дрвни производи. Според законските прописи, шумската испратница е задолжителен документ за секој транспорт на производи од дрво. **Со оглед на тоа што 46% од испитаниците не добиваат шумска испратница, евидентно е дека постои сериозен ризик за нелегални активности и затајување на даноци.**

При испораката, купувачот е должен да се потпише на шумската испратница и да го добие првиот примерок за себе од страна на испорачателот. Овој документ е валиден само за еден транспорт. Неиздавањето на шумска испратница **многу често може да значи дека со една испратница, наменета за еден купувач, може да се реализираат повеќе транспорти на дрвни производи за повеќе купувачи.** Ова дополнително ја зголемува

веројатноста за нелегална трговија со дрвни производи и за затајување на даноци, особено од страна на правни лица кои имаат лиценца за продажба на огрево дрво.

### Графички приказ 16: Добиени документи при купување на шумски дрвен производ




Анализата на одговорите според општините открива значајни разлики во праксата на издавање документи при купување на шумски дрвни производи. Во општините Гостивар, Охрид, Прилеп, Штип и Кавадарци, најголем дел од испитаниците известуваат дека добиваат шумска испратница при прием на производот (Графички приказ 17).

Од друга страна во општина Куманово најголем дел од испитаниците наведуваат дека добиваат фактура/сметка. Во општина Струмица, повеќето испитаници добиваат и шумска испратница и фактура/сметка. Во општина Гази Баба, бројот на испитаници кои добиваат само фактура/сметка при прием на производот е еднаков со оние кои ги добиваат двата вида на документи.

Важно е да се истакне дека значителен дел од испитаниците во општините Куманово, Прилеп и Штип одговориле дека не добиваат никакви документи при купувањето, **што во најчест случај укажува на незаконски активности и кршење на законските прописи во овие региони.**

### Графички приказ 17: Добиени документи при купување на дрвен производ по општини




На испитаниците кои купуваат шумски дрвни производи им беше поставено прашање за тоа каква проверка вршат на испорачаниот производ (Графички приказ 18). Најголем дел од испитаниците (37 %) изјавиле дека ја проверуваат количината на испорачаниот дрвен производ преку мерење со метар или на друг начин. Сепак, значителен дел од нив (30 %) изразиле доверба кон доставувачот и не вршат никаква проверка.

Овие резултати (графичкиот приказ бр. 18) се од големо значење, бидејќи покажуваат дека дури 63% од испитаниците не вршат проверка на добиените производи. Оваа практика може да доведе до проблеми бидејќи според важечкиот стандард за огревно дрво, облиците и цепаниците од огревно дрво треба да бидат со должина од 95-105см. Во пракса, честопати се случува овие производи да се со должина од околу 90см. Дополнително, рамките каде што се мерат огревните дрва, особено во складовите кои регистрирани за таа дејност, може да се со помали димензии, Како резултат на ова, купувачот може да добие помала количина на пример на купени 10 м3 огревно дрво да добие 8-9 м3.

### Графички приказ 18: Начин на проверка на испорачаниот производ




Според возрасни групи, најголем дел од испитаниците на возраст од 40 до 49 години (40%) вршат мерење на испорачаниот производ (Графички приказ 19), а слична е тенденцијата кај другите возрасни групи.

### Графички приказ 19: Начин на проверка на испорачаниот производ по возрасни групи




На испитаниците од оваа анкета им беа поставувани прашања за нелегалните шумски активности. На прашањето „*Дали се случуваат нелегални активности во шума во близина на Вашето место на живеење?*" мислењата се поделени. Најголем дел од испитаниците (39%) потврдиле дека такви активности се случуваат, додека четвртина од испитаниците (25%) сметаат дека не се случуваат нелегални активности во шума во близина на нивното место на живеење (Графички приказ 20).

**Графички приказ 20: Нелегални активности во шума во близина на местото на живеење**




Од анализата на одговорите по општини може се забележува дека повеќе од 50% од испитаниците во општините Кавадарци, Гостивар, Штип и Струмица потврдиле дека има нелегални активности во шума во близина на нивното место на живеење (Графички приказ 21). Во општина Охрид, најголемиот дел од испитаниците одговориле дека нема нелегални активности во шума во близина на нивното место на живеење, додека во општините Гази Баба и Куманово, најголем дел од испитаниците не се сигурни дали има нелегални активности во шума во нивна близина на живеење.

**Графички приказ 21: Нелегални активности во шума во близина на местото на живеење по општина**




Најголем дел од испитаниците сметаат дека најчести нелегални активности во шумите во близина на нивното место на живеење се бесправната сеча и кражба на шума (28%) и транспортот на дрво без дозвола, жиг и документи (23%). Значителен дел од

испитаниците, истотака, укажуваат дека продажбата на нежигосано дрво и дрво без документи (15%) како и уништувањето на шума преку нејзино палење (14%) како нелегални активности кои се случуваат во близина на местото на живеење (Графички приказ 22).

### Графички приказ 22: Видови на нелегални активности во шума што се случуваат во близина на местото на живеење по општини




На прашањето „ *Дали знаете кој е надлежен да се справи со нелегалните активности во шума?*" повеќе од половина од испитаниците (53%) потврдиле дека се запознаени со надлежните органи (Графички приказ 23), додека една четвртина од испитаниците изразиле несигурност во однос на тоа кој е надлежен/одговорен за справување со овие нелегалните активности.

### Графички приказ 23: Надлежен во справување со нелегални активности во шума



Анализата на одговорите од корисниците на шумски дрвни производи и сопствениците на приватни шуми открива разлики во нивното познавање на надлежните институции за справување со нелегални активности во шума (Графички приказ 24).

Се забележува дека корисниците на шумски дрвни производи во поголема мера (53%) се запознаени кои институции се надлежни во справување со нелегални активности во шума, но голем дел одговориле дека не се сигурни или не знаат. Ова може да укаже на недостаток на информации или свест кај оваа група.

Спротивно на тоа, сопствениците на приватна шума во најголем дел (65%) имаат добро познавање на надлежните органи. Ова познавање е логично, бидејќи сопственците на приватни шуми често се запознаени со законските процедури и услови за добивање дозвола за сеча на дрво од нивниот имот. Таквото познавање подразбира основно разбирање на законската рамка и пропишаните процедури во стопанисување со шумите.

**Графички приказ 24: Надлежен во справување со нелегални активности во шума според целна група на која припаѓа испитаникот**




Ако се анализират одговорите на ова прашање по општини, може да се забележат значителни разлики во познавањето на надлежните институции за справување со нелегалните активности во шума. Испитаниците од Охрид (94%), Кавадарци (91%), Штип (77%) и Гостивар (69%) во голема мера потврдуваат дека знаат кој е надлежен за справување со овие нелегалните активности во шума (Графички приказ 25).

Спротивно на тоа, повеќето испитаници од Куманово (53%) и Гази Баба (34%) не се сигурни кои институции се надлежни. Скоро половина од испитаниците во Прилеп изразиле несигурност по ова прашање.

### Графички приказ 25: Надлежен во справување со нелегални активности во шума по општини




На прашањето „ *Ако сте биле сведок за нелегална активност во шума, дали досега сте пријавиле кај надлежните?*“ најголем дел од испитаниците (80%) потврдуваат дека не биле сведоци на такви активности во шума (Графички приказ 26). Сепак 17% од испитаниците биле сведоци на нелегална активност, но не ја пријавиле, додека само 3% од нив пријавиле такви активности. Процентот на лица кои не пријавуваат нелегални активности е 5-6 пати поголем од оние кои пријавуваат, што укажува на сериозна недоверба на граѓаните во капацитетот на институциите да се справат со оваа несакана појава.

### Графички приказ 26: Сведок на нелегална активност во шума




Ако ги анализираме одговорите според тоа дали испитаникот е корисник на шумски дрвни производи или сопственик на приватна шума, се констатира дека процентот на сопствениците на приватни шуми кои биле сведоци на нелегална активност во шума е

повисок (25 %) во споредба со процентот на корисници на шумски дрвни производи кои одговориле потврдно (20%).

Дополнително, помеѓу сопствениците на приватни шуми кои биле сведоци на нелегална активност во шума, процентот на пријавување на случаите е повисок (5%), во споредба со процентот на корисници на шумски дрвни производи (2%) кои го пријавиле случајот кај надлежните.(Графички приказ 27).

### Графички приказ 27: Сведок на нелегална активност во шума според целна група на која припаѓа испитаникот




На испитаниците кои биле сведоци на нелегална активност во шума и кои го пријавиле случајот кај надлежните им беше поставено прашањето „*Дали случајот имал разрешница (пријава, санкција и сл.)?*“. 75% од испитаниците одговориле дека случајот не добил разрешница (Графички приказ 28).

### Графички приказ 28*:* Дали пријавениот случај за нелегална активност во шума има разрешница




На испитаниците кои биле сведоци на нелегална активност во шума, но не го пријавиле случајот кај надлежните (вкупно 82 испитаници) им беше поставено прашањето „**Зошто не сте пријавиле?**“. Според добиените одговори (Графички приказ 29), најголем дел од овие испитаници (79%) одговориле дека не веруваат во системот. Оваа бројка укажува на

загрижувачка перцепција на граѓаните за способноста на државата да организира соодветна заштита на шумите и да се справи ефикасно со прекршителите.

### Графички приказ 29: Зошто не го пријавиле случајот на нелегална активност во шума




Со цел да се испита перцепцијата на испитаниците за работењето на надлежните институции им беше поставено прашањето „*Како ја цените работата на надлежните институции во заштита на шумите од нелегални активности?*“. На понудената скала од 1 (многу лошо) до 5 (одлично) и опција „не знам“, најголемиот број од испитаниците ги оцениле институциите со 2 (доволно) и 3 (добро). Според оценките за секоја институција поединечно, највисоки оценки добиле Редовната полиција – МВР и Шумската полиција со просечна оценка 2,4, што означува дека работата на овие институции е оценета помеѓу доволна и добра (Графички приказ 30). ЈП Национални шуми е оценета со пониска оценка од 2,29, додека Инспекторатот за шумарство и ловство добил најниска просечна оценка. Овие оценки, укажуваат на тоа дека работењето на сите надлежни институции во заштита на шумите од нелегални активности е оценето со ниски оценки.

### Графички приказ 30: Оценка на надлежните институции во заштита на шумите од нелегални активности



Анализата на оценките според целните групи на испитаници покажува дека не постои значајна разлика во просечните оценки меѓу различните групи на испитаници (Графички приказ 31). Сепак сопствениците на приватни шуми генерално ги оценуваат ЈП Национални шуми и Инспекторатот за шумарство и ловство за нијанса со повисоки оценки во однос на корисниците на шумски дрвни производи.

### Графички приказ 31: Оценка на надлежните институции во заштита на шумите од нелегални активности според целна група на која припаѓа испитаникот




Сопствениците на приватни шуми беа прашани за нивото на задоволство од услугите за приватна шума кои ја добиваат од ЈП Национални Шуми или Јавните Установи Национални паркови. Од добиените одговори беа пресметани просечни оценки за услугите. Според резултати, на скала од 1 (многу лошо) до 5 (одлично), просечните оценки укажуваат дека сопствениците на приватна шума ги сметаат услугит како делумно незадоволителни, Најнсики оценки добиле: Процедурата за маркирање, Добивањето дозвола за сеча и испратница за транспорт и Советодавните услуги од одговорните инженери како услуги кои се обезбедуваат од ЈП Национални шуми или од Националните паркови (Графички приказ 32).

Овие резултати сугерират дека постои незадоволство меѓу сопствениците на приватни шуми во однос на квалитетот на овие услуги кои се обезбедуваат од ЈП Национални шуми или од Јавните Установи Национални Паркови.

**Графички приказ 32: Оценка на сопствениците на приватни шуми за услугата за приватна шума која ја добиваат од ЈП Национални шуми и Национални паркови**




На прашањето „*Дали од Вас било некогаш побарано да платите различна цена од договорената, со цел да се здобие со корист извршувачот на услугата*?" повеќе од половина од сопствениците на приватни шуми (58%) одговориле негативно, што значи дека не им било побарано да платат различна цена. Сепак, 13% од испитаниците потврдиле дека им било побарано да платат различна цена од договорената, додека 29% не можеле да дадат одговор (Графички приказ 33).

**Графички приказ 33: Дистрибуција на одговори на сопственици на приватна шума за остварена корист на извршувачот на услуга**




Од 15-те сопственици на приватни шуми кои одговориле потврдно дека им било побарано да платат различна цена, една третина се сложила на тоа барање) што укажува на одредена толеранција кон коруптивните практики (Графички приказ 34).

### Графички приказ 34: Сопственици на приватни шуми кои се сложиле на барањето за остварена корист на извршувачот на услуга




Повеќе загрижувачки е фактот дека скоро сите од овие 15 испитаници, или 14 од нив не го пријавиле случајот до надлежните институции. Овој податок покажува дека корупцијата не само што постои, туку и дека е прифатена и премолчена од страна на оние кои се директно оштетни од таквото однесување. Само еден испитаник потврдил дека го пријавил случајот во МВР (Графички приказ 35).

### Графички приказ 35: Сопственици на приватни шуми кои го пријавиле случајот до надлежните институции




Сопствениците на приватни шуми кои одговориле дека им било побарано да платат различна цена од договорената, со цел да се здобие со корист извршувачот на услугата, но не го пријавиле случајот до надлежните институции како како главни причини за своето непријавување ги наведуваат корумпираноста и непреземањето мерки за санкционирање од страна на надлежните (42%). Второто по важноста е чувството на непријатност кое е причина за непријавување на случајот кај 26% од испитаниците. (Графички приказ 36). Овие податоци укажуваат на ниското ниво на доверба во институциите и на перцепцијата дека нивното пријавување нема да доведе до соодветни последици за прекршителите.

### Графички приказ 36: Причини поради кои сопствениците на приватни шуми кои НЕ го пријавиле случајот до надлежните институции на барањето за остварена корист на извршувачот на услуга




Сопствениците на приватни шуми беа испитани за можни оштетувања на нивниот имот преку прашањето „ *Дали на некој начин преку одобрението за сеча, Вашиот имот бил оштетен или била оштетена друга страна?*“. Скоро три четвртини од сопствениците на приватни шуми (72%) одговориле дека немаат претрпено штета, додека 9% потврдиле дека имотот им бил оштетен или дека била оштетена друга страна (Графички приказ 37). Дополнитлено 29% од сопствениците на приватни шуми одговориле дека не знаат дали нивниот имот бил оштетн или дека била нанесена штета на некоја друга страна.

### Графички приказ 37: Дали им бил оштетен имотот на сопственици на приватна шума



На 9% од сопствениците на приватни шуми кои одговориле потврдно дека имотот им бил оштетен или била оштетена друга страна преку одобрението за сеча, им беше поставено прашањето „*Што било предмет на злоупотреба?*". Резултатите покажуваат мала разлика во изборот на одговорите од понудените опции (Графички приказ 38). Некои испитаници кои избрале опција друго понудиле дополнителен опис, наведувајќи дека сечата се извршувала без дозвола и дека оние кои сечат без дозвола имаат врска и се поврзани со шумската полиција.

### Графички приказ 38: Предмет на злоупотреба од имотот на сопственици на приватна шума




На 9% од сопствениците на приватни шуми кои одговориле потврдно дека нивниот имот бил оштетен или била оштетена друга страна, преку одобрението за сеча, им беше псотавено прашањето дали го пријавиле случајот кај надлежните институции. Повеќето од овие испитаници (60%) не го пријавиле случајот кај надлежните институции (Графички приказ 39).

### Графички приказ 39: Дали сопственици на приватна шума пријавиле злоупотреба на нивниот имот




**Од оние 40% сопственици на приватна шума кои го пријавиле случајот кај надлежните институции, на прашањето „Дали случајот имал разрешница (пријава,**

**санкција, обештетување)", сите одговориле дека случајот немал разрешница (пријава, санкција, обештетување*).*** Ова е поразителен податок кој ја отсликува неефикасноста на институциите во справувањето со вакви појави, кои може да се квалификуваат и според одредбите од кривичниот закон, како кражба, измама, злосторничко здружување, итн.

# 3. ЗАКЛУЧОЦИ

**Локална самоуправа**

Врз основа на резултатите од спроведеното истражување, се изведуваат неколку клучни заклучоци кои го отсликуваат актуелниот контекст на управување со шумите и даваат конкретни насоки за подобрување на комуникацијата и соработката помеѓу граѓаните, локалната самоуправа и надлежните институции во шумарството.

**Локалната самоуправа е свесна за девијатните појави во шумарството, како што се бесправната сеча и уништувањето на шумите. Анкетите покажуват дека половина од општините ги сметаат овие активности за чести и сериозни.** Оваа свесност е важна основа за преземање на понатамошни активности, но истовремено ја нагласува и потребата за засилување на механизмите за превенција и контрола.

Комуникацијата помеѓу граѓаните и локалната самоуправа за прашања поврзани со стопанисувањето/управувањето со шумите не е организирана како посебен процес, туку се одвива во рамките на редовните обраќања на граѓаните за проблеми од нивен интерес. Општините немаат директна надлежност во справување со нелегалните шумски активности, но преку активностите во советот за превенција и редовните контакти со МВР и другите надлежни институции, како ЈП Национални Шуми и Шумската полиција, можат да придонесат кон поголема будност и организиран настап.

**Резултатите од истражувањето откриваат дека надлежните институции од областа на заштита на шумите многу ретко се консултираат со општините за прашања поврзани со нелегалните шумски активности**, што е одразено во ниската просечна оценка од 1,71. Овој резултат укажува на потребата за поголема соработка и координација помеѓу институциите и локалната самоуправа, што би можело да доведе до поефикасна превенција на овие појави.

**Реномето на ЈП Национални шуми и Шумска полиција не е на задоволително ниво** според оценките на општините како и испитаниците во анкетата. Овој аспект треба да биде приоритет во идните активности за да се подобри довербата и ефикасноста на овие институции во борбата против нелегалните активности во шумите.

**Дрво-преработувачки капацитети**

Спроведеното истражување на преработувачките капацитети во дрвната индрустрија открива неколку клучни аспекти кои укажуваат на потребата за значајни подобрувања во управувањето со снабдување со суровина

Повеќе од половината од испитаните капацитети, (54 %) добиваат суровина од државни шуми. Ова укажува на значителна зависност од овој извор на снабдување и потврдува важноста на подобрувањето на процесите поврзани со набавката од државните ресурси.

Испитаниците ја оцениле административната процедура за склучување на договори за купување на суровина од државни шуми со просечна оцена од 2,7, што сугерира постоење на предизвици и потешкотии. Препораките за подобрување, вклучуваат склучување договори пред почетокот на календарската година и намалување на трошоците за процедурата, како што е банкарската гаранција.

Испитаните капацитети изразуваат незадоволство од понудениот квалитет на суровината, цената и особено времето на испорака. Ова укажува на слабост во постојнот систем на стопанисување/управување со шумите, кој не успева да ги задоволи потребите на преработувачките капацитетите во текот на цела година. Се препорачува развој на стратегии за континуирано снабдување и изградба на капацитети за чување на дрво.

Дрво-преработувачките капацитети укажаат на присуство на појава на корупција во ланецот на снабдување. **Само 25% од нив веруваат дека не постои корупција**, додека 37 % пријавиле дека им била понудена илегална суровина. Ова ја потврдува потребата од поефикасни механизми за контрола и транспатентност.

Резултатите укажуваат на потреба за развој на систем кој ќе обезбеди информации за потребите на дрво-преработувачките капацитети на годишно ниво, што ќе помогне во подобрувањето и снабдување со техничко дрво.

Испитаниците сугерираат зголемување на контролата над сечата и транспортот на сортиментите, како и подобрување на координацијата и транспарентноста во снабдувањето со суровина. Јавно објавување на дел од потпишаните договори (количината, цена, класа и видот на дрво) може да помогне во намалување на криминалот и избегнување на коруптивни практики.

Овие заклучоци го отсликуваат актуелниот статус на индустријата и подготвуваат основа за имплементација на мерки кои ќе ја подобрат ефективноста, транспарентноста и интегритетот на системот за снабдување со дрвна суровина.

**Корисници на огревно дрво и сопственици на приватна шума**

Од добиените резултати од истражувањето во осум општини со примерок од 515 испитаници, се открива значајна зависност (95% од испатниците) од производи од дрво, особено од огревно дрво што укажува на сериозна потреба од подобрување на

контролните механизми за справување со нелегалната сеча. Тоа е серизона основа за потребата од преземање на сеопфатна општествена и институционална акција во насока на намалување на учеството на нелегално дрво на пазарот во С. Македонија. Иако во ова истражување не беше анализиран пазарот на дрвни производи, податоците од претходно спроведени истражувања од домашни и странски истражувачи укажуваат на големо учество на нелегално дрво на пазарот, кое според некои извори се движи и до 50% од годишната потрошувачка.

"*Со оглед на фактот дека нелегалната сеча е исклучително висока, имајќи ја предвид големата потреба на населението за огревно дрво и нискиот социјален стандард, како и постоечките ментални навики (дека дрвото може слободно да се „земе“ од државните шуми), како што е исто така очигледно, дека надлежните институции се речиси неефикасни во спречувањето на дивата сеча, потребно е да се воведат сеопфатни законски, шумарски организациони, шумско-еколошки, економски и социјални мерки за ограничување и/или спречување на таа појава.*"[3]

Загрижува и ставот на бројката на луѓето кои купуваат производи од дрво, а на кои не им е важна легалноста на производите. Тоа се 17% од испитаниците. Покрај нив, уште 7% одговориле со „не знам“, што може да укажува на можноста одреден број да се чувствуваат нелагодно за искрено да одговорат на ова прашање. **Потенцијално, има 24% корисници кои би купиле нелегално дрво, без да ги спомнуваме и оние кои веруваат дека купуваат легален производ од продавачи кои се учесници во нелегалната трговија со дрво.** Ова е тренд за загриженост. Секоја креирање на законска, социјална или друга мерка за намалување на нелегалното дрво претпоставува постоење на свесност и посветеност на корисниците на дрво во насока на почитување на законската регулатива и придонес кон одржување на функциите на шумата како добро од општ интерес. Тоа е поле за преземање на сериозни чекори во иднина.

Еден од тие чекори е започнување на јавна кампања за борба против нелегалната сеча. Резултатите од истражувањето покажуваат дека е неопходна едукација на населението во однос на индикаторите за легалност на дрвото. Ова вклучува информирање за изборот на продавачот до потребната документација (законски пропишана испратница за секој транспорт) и останатите знаци (жиг на дрвото, точен опис и мерка на производот) кои ја поткрепуваат документацијата при купување на дрвен производ.

Дури 39% од испитаниците потврдиле дека во околина на нивното место на живеење се случуваат нелегални активности во шума. **Сепак само 1 од 7 пријавил случај на нелегална активност кај надлежните. Ова укажува на сериозен дефицит на граѓанска лојалност кон заштита на шумскиот ресурс. Анализа на добиените одговори, покажува дека 90% од испитаниците кои не пријавиле случаи кај надлежните сметаат дека не можат да веруваат во институционалниот систем, вклучително и оние кои не пријавуваат од страв.** Оценката на работата на институциите надлежни за справување со нелегални сечи се движи помеѓу 2 и 2,5 во скала од 1 (многу лошо) до 5 (одлично).

[3] “Review of forestry sector in North Macedonia and preparation of 2019 IPA project for forestry”, F. Ferlin, M. Kodric, 2020;

Интересен е резултатот добиен на места каде што постои добра соработка и квалитетни советодавни услуги за сопствениците на приватна шума, каде појавата на нелегалните активности е значително помала. Ова може да се искористи како пример или алатка за спречување на нелегални активности, како што е случај во Охрид во споредба со Куманово.

Анализата на резултатите отвара простор за активирање на надлежните служби за справување со нелегалната сеча. За зголемување на довербата во институциите, ЈП Национални Шуми и Шумската полиција мора да вложат дополнителни напори, бидејќи тие играат клучна улога во борбата против нелегалната сеча. **Приоритет е борбата против корумпираните службеници и воведување на инструменти кои ќе ја намалат можноста за коруптивно делување. Меѓу овие инструменти се задолжителното издавање на електронска испратница, следење на транспортот преку ГПС уреди, мониторинг на шумските ресурси со модерни алатки (сателитски снимки и анализа на шумската покровност, дронови, ГИС алатки), видео и аудио снимање на надлежните службеници за време на теренска работа, користење на заштитен радио сигнал наместо мобилни телефони за време на смена, и видео надзор на влез и излез на дрвни производи во регистрираните складови за дрво итн.**

Јавното обвинителство и судството исто така треба да бидат активно вклучени во овој процес, бидејќи се идентификуванио како клучни за завршување на постапките. Постојат бројни несогласувања помеѓу надлежните институции во однос на причините за неказнивост на овие дела и чија е одговорноста за тоа. За да се реши ова **потребна е координација и евентуално отстранување на законски пречки кои ја попречуваат реализацијата на санкции против учесниците во нелегалната сеча.**

Понатаму, неопходно е да се работи на едукација на јавноста за негативните ефекти на нелегалната сеча врз шумите и функциите што тие ги поддржуваат, како што се економските, еколошките и социјалните аспекти.

# 4. ПРЕПОРАКИ ОД ЦЕЛНИТЕ ГРУПИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА НЕЛЕГАЛНИТЕ АКТИВНОСТИ ВО ШУМИТЕ

На сите целни групи на испитаници им беше поставено прашањето „*Кои активности треба да се преземат за спречување на нелегалните активности во шумите?*“. Во продолжение се издвоени одговорите од страна на испитаниците од различните целни групи за спречување на нелегалните активности во шумите.

**Препораки од Општини**:

- Поставување на надзорни камери на критични места каде што се случува нелегална сеча на шуми и броеви за пријавување на нелегални активности.
- Формирање на Комисија од страна на локалната власт која ќе издава решенија за кастрење и сечење на дрвја согласно Законот за урбано зеленило.

- Давање препораки преку општински совет за превенција до надлежните институции за заштита на шумите.
- Заедничко делување на подружниците на надлежните институции со локалната власт.

**Препораки од дрво-преработувачки капацитети**:

- Построги казни и почести контроли на активностите во шума.
- 24/7 контрола врз сечата и превозот на дрвните сортимени во координација со МВР и Шумска полиција.
- Воведен ред кај Шумските работници/чувари со акцент на спречување на корупција.

Генерално дрво-преработувачките капацитети сметаат дека не знаат или не можат да го направат своето вклучување ефикасно во спречување на нелегалните активности во шумите.

На испитаните **корисници на огревно дрво и/или сопственици на приватни шуми** им беа понудени различни опции за активности кои треба да се преземат за спречување на нелегалните активности. Најголемиот дел од испитаниците се согласуваат со следните предлози:

- Зголемувањето на бројот на вработени во шумо-чуварската служба (21%). Оваа мерка се смета како клучна за подобрување на надзорот и спречување на нелегалната сеча. Повеќе вработени во шумската служба ќе овозможи покривање на поголеми подрачја и често патролирање, што ќе го намали ризикот од нелегална сеча.
- Зголемување на капацитетите на вработените во шумската полиција (20%). Потребно е подобрување на обуката и ресурсите на вработените во шумската полиција за поефикасно справување со нелегалните активности. Инвестиции во обука и модерни алатки ќе помогнат во подобрување на нивната способност да се идентификуваат и спречат нелегални активности.
- Решавањето на корупцијата (18%). Подобрување на транспарентноста и етика во работата на сите учесници е од суштинско значење. Борбата против корупцијата ќе помогне во зголемување на довербата на институциите и ќе осигура дека сите мерки се спроведуваат со должна строгост и внимание.
- Поефикасна работа на обвинителствата за постапување по пријавите (16%). Потребно е подобрување на постапките на обвинителствата за да се обезбеди брза и ефективна обработка на пријавите за нелегални активности. Секојдневно надгледување и брза реаксција на пријавите ќе помогне во намалување на нелегалната сеча.

Овие препораки од различните целни групи ја истакнуваат потребата од интегриран пристап во спречувањето на нелегалните активности во шума, што вклучува подобрување на кадровските ресурси, борба против корупцијата и подобрување на правосудниот систе. Овие мерки ќе помогнат во создавање на поефикасна и одржлива стратегија за заштита на шумските ресурси**.**